СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петото продолжение на Деведесетата седница на Собранието
на Република Македонија, одржана на 20 амј 1998 година

Скопје, мај 1998 година

**ДЕВЕДЕСЕТТА (90) СЕДНИЦА, V ПР0Д0ЛЖЕШЕ,**

**ОДРЖАНА НА 20 МАЈ 1998 ГОД.**

1. БЕЛЧЕВСКИ РУБИНЧО 11
2. ПЕТК0ВСКИ ТИТО (ја води седницата) 1
3. СТВОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 16
4. ТРИПУНОВСКИ МИРКО 3
5. ТРПЕВСКИ ЛУБЕ( гувербер на НБМ) 8

... Т.3(ЗАКЛУЧОК на автент.толкување
на чл.111 од З.за трансформ .на претпр.
со општенствен капитал)-стр. 1

Т.4(автент.толкување од З.за локал. Избори)-стр.2

Т.5(Год.Извештаана НБРМ за 97)-стр.3

Т.6(пр.одлука за потврдување на двогодишната
сметка на НБРМ за 97)-ст.10

Т.7.(пр.одл.за потврдување на финанс . план на
НБРМ за 1998) -стр.10

Т.8(пр.одлука за одбележување на јубилејни
годишнини на значајни настани и истакнати
личности во РМ)-стр.11

Т.9(ПР.одл.за давање согласност на Статутот на
јавната здр.организ.Завод за рахабилитација на
слух,говор и глас-Битола)-стр.14

Т.10(пр.одлука за огласување избор на судија на
Основниот суд во Кичево)- стр.15

КРАЈ НА СЕДНИЦАТА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 мај 1998 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, (сала бр.1), со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Горѓи Атанасов, Назми Маљичи, Слободан Богдановски, Зоран Шапуриќ, Јане Ангеловски, Димче Настовски, Љубомир Поповски, Драган Митевски и Нано Ружин ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Стасавме до 3-тата точка, бидејќи го заклучив претресот по барањето за даваше на автентично толкување на член 111 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал поднесено од "Јавор-Агротекстил"-Битола на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на член 111 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен-капитал, "Службен весник на РМ" бр.38/93 и 48/93 поднесено од "Јавор - Агротекстил"-Битола не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието да се достави до "Јавор-Агротекстил"-Битола.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

53 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Очигледно е дека некои не гласале.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 4 - Барање за даваше на автентично толкување на член 5, став 1 и 4 од Законот за локални избори, поднесен од Советот на општина Ресен.

Барањето и извештајот на Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за давање на автентично толкување на член 5, став 1 и 4 од Законот за локални избори, "Службен весник на Република Македонија" бр.46/96 поднесено од Советот на општината Ресен не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Второ, овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Советот на општина Ресен.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

55 пратеници гласаа за.

Дали некој има против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 5 - Годишен извештај на Народната банка на Република Македонија за 1997 година.

Годишниот извештај и извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Гувернерот на Народната банка г-динот Љубе Трпевски ме информира дека заради писменото доставување до пратениците не чувствува потреба за воведно излагање по извештајот, но тука се сите и стојат на располагање доколку има прашања.

Молам, кој бара збор?

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, господа министри и почитуван гувернер,

Мојата определба да говорам денес по Годишниот извештај а воедно и по сите документи кои што се со Годишниот извештај на Народната банка на Република Македонија за 1997 година произлегуваат токму од новиот пристап на анализите кои се направени во овој материјал од една страна, и предизвикувачкиот вовед кон извештајот поднесен од гувернерот како новина во демистифицирањето на улогата на оваа банка. Затоа низ пет точки ќе презентирам пред вас дел на мои погледи и предлози кои што сигурно ако се земе од една страна можат да бидат употребливи, од друга не, но сепак е извештај по кој извештај сметам дека можеме да добиеме барем одредени правци во делот како би ја

остварувале макроекономската политика диригирана, или пратена од страна на Народната банка токму во монетарниот пристап.

Првото мое укажување се проценките на развојот на трговскиот биланс и билансот на плаќањето. По острото влошување на трговскиот биланс и билансот на плаќањето во првата половина на 1997 година извесна стабилизација е оценета кон крајот на годината. Трговскиот биланс имаше курс на релативно и брзо прилагодуваше. Тоа ќе го потврдам низ следниве параметри. Извозот на стоки бележи раст од 4,7% во споредба со истиот период во 1996 година. Увозот бележи пораст од 6,9% паралелно на 1996 година. Трговскиот дефицит во размената на стоки со странство изнесува 214,3 милиони долари, а редукции беа направени на постоечкиот дефицит во однос на бруто националниот производ. Сметам дека ваквиот дефицит е релативно висок и ја става македонската економија, еве вака со еден поблаг збор, или да направам еден друг поглед во опасна зона во која таа е изложена на ризик од кпонатамошни шпекулации и напади на курсот. Колку е одржлива растечката надворешна нерамнотежа сепак ќе ја искажам низ еден извештај на Европската банка за обнова и развој каде сегашните пресметки процентуално во однос на бруто националниот производ сме десетта земја од земјите во централна, источна и југоисточна Европа што сепак во тој однос дефицитот кој што го имаме во овој период може да се земе дека сме во една средина на земјите со кои се компарираме.

Во однос на таа надворешно - трговска размена потребни се поттикнувања со цел да се подобрат релациите и покриеноста на увоз со извоз. Исто така, стабилноста на растот и ориентацијата кон поголем извоз може да се очекува само ако се постигне фундаментален пораст на директните странски инвестиции.

Вториот елемент за кој сакам да говорам е фискалната политика и нејзиниот развој. Во државава фискалната политика е поограничена од почетокот на 1997 година, буџетскиот дефицит покрај ограничување на фискалната политика не е намален и покрај есенцијално позитивните ефекти на приливите и приходите во државниот буџет. Сега во оваа прилика Владата спроведува буџетска политика на ниско ниво на дефицит во јавниот сектор кој е на ниво од 1,8% од бруто општественот производ што како критериум сега пак е во склад со европските трендови и определби како треба да се движи. Со оглед на севкупната макроекономска политика и состојба и сеуште силниот недостаток на рамнотежа во платниот биланс на македонското стопанство потребни се напори за општо израмнување на јавните буџети во оваа година 1998 т.е. нивно сообразување на зафаќањата со реалните можности на стопанството.

Третиот елемент е движењето на цените. Инфлацијата која е под строга контрола со повеќе мерки е под посебна опсервација на Народната банка на Република Македонија. Врз таа основа Народната банка на Република Македонија има можност силно да влијае врз инфлационите движења со цел да го држи под контрола таканареченото инфлационо јадро и тоа во склад со дефинираните параметри на макроекономската политика на Владата. Движењето на инфлацијата на ниво од околу 5% годишно кое што со размислувања може да се движи до 2000 година е сериозна амбиција. Но, за остварување на овој тренд ќе треба да се компарира оптимална комбинација на развој и опаѓање на инфлација со цел да не се дерогираат ефектите од макроекономската политика.

Ова е особено изразено во политиката на девизниот курс. Имено, освен турбуленциите кои се случија во доменот на девизното работење кога денарот застана на ниво од 31 денар за една марка може да се оцени дека во изминатиот петгодишен период курсот на денарот е потрајно фиксиран за германската марка. На тој начин преку политиката на курсот на денарот се успеа да се избегне посуштествено пореметување на економските текови. Но, тоа доведе до поголеми монетарно - кредитни рестрикции кои заедно со другите елементи на монетарно кредитната политика влијаеа каматните стапки да се задржат на високо ниво. Со тоа цената на банкарските кредити во последните години и натаму е тешко прифатлива и нестимулативна во развојот и инвестирањето во македонската економија, не го сметам нестимулирањето само на домашните инвеститори, туку и дестимулативниот однос кон странските инвеститори, со оглед на движењата во стопанството, ризикот од поголеми промени во курсот односно неговото пореметување е сеуште присутен. Тоа влијае врз можностите за поголеми зафати и ги потхранува инфлационите очекувања кои инаку немаат цврста основа со оглед на нестабилните економски движења се сеуште присутни во нетранзиционираната до крај македонска економија. Сигурно на вас ви се познати барањата на стопанствениците во стопанската комора, барањата на поедини институции, поединци итн. во оваа област. Според тоа, ќе кажам еден збор кој што можеби ќе звучи несериозно. Секој нареден пад на курсот за 5 до 10 процентни поени не треба да се свати и доживее како пораз на предлагачот, туку како неопходност за прилагодување кон пазарните осцилации, а пред се како поттикнување на извозниците да го динамизираат извозот со повисоки финансиски ефекти од истиот.

I/7

Во исто време домашната побарувачка за производи од увоз треба да биде во границите на реално можното како услов за олеснување на дефицитот и товарот што го носи на долг рок надворешно трговската нерамнотежа. Во таа насока реакциите на производителите за секоја промена, односно на пад на курсот ќе бидат решавачки за максимизирање на ефектите од таквата промена. Ако го зголемат своето производство и ефикасноста во пласманот на странските пазари севкупните развојни ефекти можат да се мултиплицираат позитивно. Верувам дека стабилизацијата на економските текови и продолжување на процесот на трансформација односно приватизација повторно ќе ја добие, т.е. ќе ја заживее нашата економија и ќе ја направи поатрактивна за странските инвеститори. Од оваа активност како и од поттикнувањето кон поголемо инвестирање во земјата од страна на граѓаните се оспособуваат правците на развојните движења кон нагорен тренд и кон преструктуирање на стопанството, неговата ориентација кон модернизација, поголем извоз, а со тоа и поголемо вработување.

Доаѓам до клучното прашање, дали македонската економија е доволно ефикасна и доволно флексибилна за да може да ги искористи ефектите од стабилизацијата на макро-економските агрегати, или пак се работи за нецелосно оформена полудржавна, полуприватизирана економија која е трома и со одложена реакција по истите предлози. Ова го поставувам бидејќи макроекономската стабилност заедно со рестриктивната монетарно-кредитна ефикасност нема да биде решавачка ако не дојде до преструктуирање на економијата, нејзината модернизација и извозно насочување со следење на достигнувањата кои постојат во светски рамки. За да успешно се преструктуира економијата неопходно е прво јасно дефинирање на сопственичките односи во сите области.

Досега тоа го немаме направено.

Второ, комплетирање на приватизацијата на банките со прочистуваше на банкарскиот сектор од нефункционални институции, појави и дубиози, напуштање на преградите кои постојат меѓу банките и нивните фондови и функционираше на пазарна основа.

Следно, пазарот на капитал да се направи потранспарентен со брзо отворање на заеднички фондови и со строга контрола на пазарот на капитал. Тука веќе имаме со законот кој што треба да го донесеме во текот на овие наредни седници јасен пристап како може оваа точка да се реализира.

Наредното, формирање на јасна и долгорочна регулативна рамка како институционална системска основа за дејствување и со напуштање на разно разни ограничувања.

И последното,зголемување на транспарентноста на владината политика во обврзувачки буџетски планови и тоа за повеќегодишно буџетско планираше односно за една година повеќе од ова сега, со цел стопанските субјекти за неколку години однапред да ги знаат обврските кои од нив се очекуваат и да можат да ја планираат својата активност.

Со овие мои кратки размислувања и предлози, сакам да дадам придонес во согледување на потребите и можностите на развојот на македонското стопанство секако како сознание. За ова има доста разни видувања и погледи, но во основа целта и дејствувањето мораат да бидат позитивни и насочени кон раст и развој.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, се јавувам само по повод еден дел од дискусијата на почитуваниот пратеник Трифуновски, бидејќи е многу осетлива материјата за која што се

дискутира, поготово кога се заговара девалвација и бидејќи се работи за дискусија во Парламент од пратеник може да биде поинаку протолкувано во јавноста и да ни направи проблеми во Народната банка да мораме да интервенираме од девизните резерви за да го смируваме курсот како што беше на почетокот од годината. Врзувањето на денарот за марката 31 денар за една марка е како што го усвоивте вие во документите во декември на крајот од минатата година основно номинално сидро во економската политика од оваа година. И се додека сите претпоставки одат во прилог на остварување на целите кои што се усвоени од овој Парламент за оваа година, а тоа е пораст на општествениот производ реален од 5%, инфлација до 5% и пораст на извозот од 8% нема никакви ниту размислувања за било каква промена на курсот на денарот, а претпоставките се такви, односно движењата во оваа година и порастот на индустриското производство и движењето на цените се такви да воопшто не станува збор за било какво размислување и молам и вие и јавноста тоа така да го свати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво,Собранието на Република Македонија го разгледа и поддржа Годишниот извештај на Народната банка на Република Македонија за 1997 година.

Второ, овој заклучок, заедно со стенографските белешки да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за финансии и Народната банка на Република Македонија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Дали има некој против( 1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласаше? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 6 - Предлог на одлука за потврдување на двогодишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1997 година.

Годишната сметка на Народната банка и извештаите на работните тела на Собранието, мислењето на Владата и Предлогот на одлуката ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за потврдување на двогодишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1997 година.

Минуваме на точката 7 - Предлог на одлука за потврдување на финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 1998 година.

Финансискиот план на Народната банка, извештаите на работните тела на Собранието, Мислењето на Владата и Предлогот на одлуката ви се доставени односно поделени.

II/1 НН/ПН

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (56)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за потврдување на финансискиот план на НБ на РМ за 19 98 година.

Минуваме на точка 8 - Предлог на одлука за одбележување на јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Тубинчо Белчески.

**ТУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, дами и господа пратеници.

Од името на предлагачите би сакал да додадам кратко образложение на предлог одлуката за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во РМ.

Како секоја година така и оваа Комисијата за одбележување на значајни настани и личности пристапи кон подготовка на Предлог

II/2

одлука за одбележување на јубилејни годишнини на значајни настани и истасќнати личности.

При тоа, морам да нагласам дека работата на оваа Комисија не е ни малку лесна како на прв поглед изгледа. Имено, бидејќи нема надлежно министерство за оваа проблематика, иако најмногу додирни точки имав со Министерството за култура, членовите на Комисијата моравме да соработуваме со научни, културни, образовни и други институции. На сите нив им изразувам благодарност за соработка посебно во оној дел што следува после донесување на оваа одлука. При тоа сакам да нагласам дека Комисијата веќе работи за изготвување на годишната програма за одбележување, што се надевам дека за многу брзо време ќе биде разгледана и усвоена од страна на Собранието на РМ.

Но, да се вратиме на предлогот на одлуката за одбележување на јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности. Целта на одлуката е да определи критериуми кои настани ќе се одблежуваат, кои временските интервали како и временските интервали на одбележувањата. Секако дека настаните и личностите чии јубилејни годишнини се одбележуваат треба да се од посебно значење за развитокот на државата односно државноста на РМ, а исто така и за државно правниот континуитет. Тие треба да имаат значителен удел во развитокот на нашето општество и дејностите во истото. Да имаат допринос во сожителскиот> однос на македонскиот народ и националносттие во РМ.

Што се однесува за временските интервали предлагаме за периодот по осамостојувањето на РМ односно од 1991 година одбележувањата да бидат на секои 5 години.

За периодот од 1901 т.е. Илинденскиот период, периодот меѓу двете светски војни, периодот на НОВ и повоениот период на 10 год.

II/3

За приодот од 18 и 19 век, на 25 години, а за периодот до крајот на 17 век на 50 години.

Како што пред малку напоменав во предлог одлуката е внесена одлука за утврдување на јубилејни одбележувања со донесување на годишна програма на која Комисијата веќе работи. Се надевам дека на Собранието ќе му предложиме програма прифатлива за сите. На крајот ве повикувам сите да гласате за оваа предлог одлука со цел за нејзино што побрзо применување, т.е. и заради донесувањето на Годишната програма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

ЗПК поднесе амандмани на член 1,2,3 и 4 на член 6 став 1 со кој се согласил предлагачот и тие се составен дел на текстот на предлогот на одлуката.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на одлука Молам, кој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам кој е за да крене рака. (54)

Дали има некој против. (1)

Дали некој се воздржува од гласање. (1)

Колку пратеници се присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата)

Бидејќи нема доволен број пратеници во салата, гласањето не е валидно.

Бидејќи сме сега доволен број пратеници, го повторувам гласањето.

Кој е за молам да крене рака. (58)

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање.

Очигледно дека некој се гласал, бидејќи 62 пратеници се присутни во салата.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за одбележување на јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во РМ.

По повод донесувањето на одлуката, Комисијата за одбележување на годишнини на значајни настани и личности му предлага на Собранието да го усвои следниот заклучок:

Собранието на Република Македонија ја задолжува Комисијата за одбележување годишнини на значајни настани и личности да пристапи кон изготвување на Календар за одбележување денови на значајни настани и личности во РМ во соработка со органите на управата научни и стручни институции и други организации и здруженија.

Овој заклучок да се достави до Комисијата за обележување годишнини на значајни настани и истакнати личности и за информираше до Министерството за култура и Институтот за национална историја.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака. (58)

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Минуваме на точката 9 - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Завод аз рехабилитација на слух, говор и глас - Битола.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и ЗПК ви се поделени, односно доставени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака. (61)

Дали има некој против? (Нема.)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за деловна согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Битола.

Минуваме на точката 10 - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Кичево.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам дали некој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (60)

Дали некој има против. (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување на избор за судија на Основниот суд во Кичево.

Дневниот ред е исцрпен, меѓутоа г-динот Стојановски има процедурална интервенција.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници.

Првата точка на оваа седница г-дин претседателе вие ја повлековте поради откажување од интерпелација на еден член, меѓутоа, на таа седница вие не изманипулиравте бидејќи ние не добивме писмено известување на тој член дека се откажува од интерпелацијата. Вие усмено не информиравте. Сите ние како пратеници немавме доставено писмено известите од г-динот Зоре Темелковски затоа што ова известите ние го добивме после 10-тина дена, на 7 мај преку Собраниска пратка. Поради тоа, јас во паузата на таа седница, во попладневните часови, точно во 16,30 часот побарав оваа точка дека е повлечена спротивно на Деловникот бидејќи не ни беше поделено писменото откажување на пратеникот Зоре Темелковски.

Сметам дека потребно е да ни се извините на поднесувачите на интерпелацијата. Точката формално да ја поставите повторно на дневен ред, затоа што после тоа ние добивме писмен документ од г-динот Зоре Темелковски и не ќе има потреба од никаква расправа, но, заради вистината и да се престане со манипулирање на нас како пратеници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Нема потреба да се извинувам, бидејќи од пратеникот бев известен, а како што гледате на тој ден е поднесена, кога

II/17

Собранието заседаваше, откажувањето на г-динот Темелковски од иницијативата за барање интерпелацијата за одговорноста на потпретседателот на Собранието. Според тоа, се е во согласност со Деловникот, бидејќи сите сте информирани дека е тоа направено во истиот де. Спрема< тоа, нема никаква манипулација, нема потреба да се извинувам, ниту пак нема потреба од поставување на точката на дневен ред.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 90 седница на Собранието на РМ.

(Седницата заврши во 12,50 часот)